РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-1926/3
23.04.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
## од 17-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 18.04.2024 година

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба преку видео конференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, м-р Емилија Петреска Камењарова, м-р Магдалена Давидовска Довлева, Димитар Тануров, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни:** Драгана Велјановска од набљудувачката мисија на Канцеларијата за демократски институции и човекови права ОБСЕ (ОДИХР).

Г-дин Петрушевски ја отвори 17-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:30 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Советот на Агенцијата едногласно, со 6 гласа „за“, го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Предлог-записник од 16-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 15.04.2024 година.
2. Предлог-одлука за поништување на Одлуката Уп1 бр.0802-89 од 15.03.2024г. за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД РАДИО ПРО-ФМ ДОО Гостивар.
3. Втор извештај од мониторингот на предизборниот период – од 8 март до 3 април 2024 година.
4. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записник од 16-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 15.04.2024 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски ја образложи Предлог-одлуката за поништување на Одлуката Уп1 бр.0802-89 од 15.03.2024г. за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД РАДИО ПРО-ФМ ДОО Гостивар. Објасни дека Советот на една од претходните седници ја одзеде дозволата на овој радиодифузер бидејќи во законски утврдениот рок од 30 дена, а потоа и во дополнителниот рок од 15 дена додека траеше постапката за одземање на дозволата, не го плати надоместокот во висина од 32.084,00 денари. Но по одземањето на дозволата и објавувањето на Одлуката во Службен весник на РСМ, радиодифузерот изврши уплата на средствата. Дополнително ги подмири и средства кои што претставуваа финансиски трошок на Агенцијата за објавување на Одлуката за одземање на дозволата и поведе управен спор пред Управен суд. Наведе дека сите овие податоци и документи се содржани во доставените материјали по точката. Објасни дека сега се отстранети причините за кои што е одземена дозволата, и се предлага Советот да донесе Одлука за поништување на Одлуката Уп1 бр.0802-89 од 15.03.2024 година на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД РАДИО ПРО-ФМ ДОО Гостивар.

Г-дин Петрушевски се изјасни дека ќе ја поддржи одлуката, и рече дека ова е позитивен тек на работите кои срећно завршиле за медиумот.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за поништување на Одлуката Уп1 бр.0802-89 од 15.03.2024 година на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ПРО-ФМ ДОО Гостивар, Уп1 бр.08-95 од 07.09.2023 година.

ТРД РАДИО ПРО-ФМ ДОО Гостивар, се задолжува најдоцна до 26.04.2024 г., да ги исполни следните финансиски и други обврски, и тоа:

- да ги плати трошоците во износ од 3.287,00 денари, со вклучен ДДВ, за објавување на Одлуката за одземање на дозволата за радио емитување Уп1 бр.0802-89 од 15.03.2024 г. во („Службен весник на РСМ" бр.67/24) – по Фактура бр.3050-6849/27 од 27.03.2024 г. (наш арх.бр.05-1528/1 од 28.03.2024 г.);
- да ги плати трошоците во износ од 3.287,00 денари, со вклучен ДДВ, за објавување на оваа Одлука за поништување на Одлуката за одземање на дозволата за радио емитување Уп1 бр.0802-89 од 15.03.2024 г. во Службен весник на РСМ;

Горенаведената одлука стапува во сила на ден 26.04.2024 г., под услов ТРД РАДИО ПРО-ФМ ДОО Гостивар, навремено да ги исполни сите финансиски и други обврски, содржани во Одлуката, кон Агенцијата и за тоа да достави доказ до Агенцијата.

Во врска со горенаведената Одлука на Советот, Агенцијата да го извести Управниот суд на РСМ.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената одлука да ја објави во „Службен весник на Република Северна Македонија" и на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски го образложи вториот Извештај од мониторингот на предизборниот период од 8 март до 3 април 2024 година. Објасни дека клучниот наод во Извештајот од овој период е дека кај радиодифузерите кои што беа предмет на надзор кај програмските сервиси на девет национални телевизии: Првиот и Вториот телевизиски програмски сервис на ЈРС Македонска радиотелевизија (МРТ1 и МРТ2 - Програма на албански јазик), ТВ Алсат-М, ТВ Алфа, ТВ Канал 5, ТВ Сител, ТВ Телма, ТВ 24 Вести и ТВ 21-М, немаше прекршување на Изборниот законик. Во известувањето АВМУ ја прегледуваше целокупната дневна програма на овие сервиси, но ги анализираше пред сѐ прилозите во централните изданија на вестите што се поврзани со теми за предизборието и со домашните актуелни општествено политички случувања. Во овие прилози радиодифузерите известуваа избалансирано за активностите што ги имаа политичките партии во овој период до почетокот на кампањата и не го прекршија Изборниот законик. Кај одреден број радиодифузери имаше поплаки дека од одредени политички партии се бојкотирани, односно на покана од тие медиуми претставници на политички партии не учествувале во нивните информативни емисии. Се надева дека ваквата пракса ќе престане, но и да не престане имаат можност како да известуваат во делот на информативните емисии кои што ги подготвуваат радиодифузерите.

Г-дин Петрушевски се изјасни дека го прочитал Извештајот, за кој што рече дека е обемен и квалитетно сработен. Она што го радува е констатацијата на службите, а и самиот ја забележал на медиумите, дека најголемиот број од новинарите професионално работеле во претходниот период и не потпаднале на нивото на политичките партии, држат повисоко ниво што добро резултира за медиумите.

Г-дин Фиданоски рече дека ќе даде поддршка за Извештајот, кој на елоквентен, а за одредени вкусови и апстрактен начин, се дава еден детален пресек за тоа како се одвивала предизборната кампања во овој период. За Извештајот рече дека е сработен професионално и одговорно од страна на Стручната служба. Постави прашање во врска со него, дали се добива впечаток, бидејќи веќе таков впечаток добил кога го разгледувал Извештајот кај некои од радиодифузерите што беа предмет на надзор, дали одбивањето за учество на одредени политички структури во нивните дебатни емисии даваат еден квантитативен дисбаланс за дебатните емисии кај тие радиодифузери?

Помошник раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Петреска Камењарова одговори дека сепак треба да се има предвид дека ова е Извештај за период пред почеток на кампањата каде што сѐ уште не може да се говори за баланс или дисбаланс. Секако дека одбивањето учество на одредени политички актери на програмите на одредени радиодифузери се одразува, посебно во дебатните емисии или интервјуата затоа што во вестите секако дека може да се известува без оглед дали некоја партија бојкотира некоја телевизија или не. Ќе биде интересно сега да се види како сето ова ќе се одрази на Извештајот од првиот круг на парламентарните избори. Се согласи дека постои извесна разлика во составот на гостите, но исто така постојат начини како сето тоа да се компензира, преку експерти, преку поинаков начин

на дискусија, како на пример за претставувањето на кандидатите има доста емисии во кои што експерти зборуваат за идните кандидати за претседател. На телевизиите им стојат можности како тоа да го надминат. Исто така како што се знае од претходни мониторинзи, во вакви случаи она што е важно е медиумите преку реприи да не доведат до преголемо присуство на само одредена политичка опција.

Г-дин Фиданоски рече дека е задоволен од одговорот и се надева дека сите политички чинители кои се активни учесници во овој изборен процес ќе ги надминат своите предрасуди, ставови по однос на тоа каква е уредувачката политика на одредени радиодифузери, дали лично им се допаѓа или не, и дека ќе дадат свој придонес со свое присуство за дебати, теми, изјави поврзани со изборниот процес за да се добие една комплетна, рамноправна, квантитативна и квалитативна слика во медиумското преставување.

Г-дин Ајдини се изјасни дека го прифаќа Извештајот, кој од страна на службата како и секогаш е сработен професионално. Постави прашање во врска со страна 3 од Извештајот, каде стои дека уредништвото на ТВ Алсат на 25 март самоиницијативно испратило допис до Агенцијата со докази дека некој им врши притисок посреден и непосреден. Објасни дека таков допис нема добиено на меил, а би сакал доказите што ги поднел ТВ Аласт да ги види.

Помошник раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Петреска Камењарова објасни дека медиумите и телефонски се обраќаат до Агенцијата за да зборуваат на оваа тема. По еден таков разговор ТВ Алсат одлучи да испрати и допис со фотографии симнати од социјални мрежи за кои што ТВ Алсат смета дека тие претставуваат директна закана од една политичка партија за телевизијата. Дописот е архивиран и ќе биде доставен до членовите на Советот.

Г-дин Ајдини рече ако доказите се извлечени од социјалните мрежи, не е сигурен колку за тоа АВМУ е компетентна, но ако е од веб страницата на партијата тогаш е сосема нешто друго.

Помошник раководителката Петреска Камењарова објасни дека не станува збор за постапување од страна на Агенцијата по нивните докази. Секако ако ТВ Алсат се чувствува загрозен поради содржината на фотографиите треба да се обрати до надлежните органи кои што се занимаваат со истражување и гонење на ваков тип на сомнежи. За Агенцијата е важно дека медиумот доставува показатели врз основа на кои што може да се констатира фактичката состојба, а тоа е дека упатиле писмо во кое доставуваат докази дека се игнорирани од страна на една политичка партија.

Г-дин Ајдини се согласи дека тоа што се игнорирани воопшто не е добро, меѓутоа би сакал сепак да ги види тие фотографии.

Раководителката Петреска Камењарова дополни дека Агенцијата им посочува на радиодифузерите, доколку вакво нешто се случува во периодот на известување за време на изборна кампања треба да имаат на меил, во писмена форма или телефонски преку СМС комуникација што ним ќе им послужи како показател и доказ дека биле поканети но одбиле. Во таа насока објасни дека многу често медиумите одлучуваат да остават празно столче со посочување кој е тој што недостига од дебатата.

Г-дин Петрушевски рече да не беше дискусијата на директорот Трајчевски, г-дин Фидановски, г-дин Ајдини и раководителката Петреска Камењарова за медиумот

што се пожалил од политичка партија можеби и обратно, состојбата ќе беше близу до идеална. Но сепак состојбата не е катастрофална, ни толку лоша, напротив во еден голем процент од 80-90% е добра со медиумите и политичките партии. Ова се едни исклучоци што сега не е сигурен колку може да се решат за да не се направи поголем штета и апелираше до субјектите да вложат сили да се однесуваат професионално. На медиумот да не влијае тоа доколку претставници од политичките партии не сакаат да доаѓаат, тој да продолжи да известува објективно и непристрасно. Во врска со политичките субјекти рече да се направи една поголема општествена клима да овој проблем се надмине. Проблемот не е огромен но не може да се затвараат очи пред него. Во врска со Извештајот објасни дека Советот не гласа по него, тој е објавен на веб страницата на АВМУ и верува дека во еден конечен Извештај ќе влезат сите овие информации.

**Точка 4**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

______________________

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**